*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-161/1*
*16.09.2009 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009 и 99/2009) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 16.09.2009 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за доделување титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На Професор Димитар Бојаџиески му се доделува титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на туризмот во Република Македонија и високото образование во областа на туризмот.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 27.09.2009 година на денот на одржување на Меѓународниот конгрес на Универзитетот по повод Светскиот ден на туризмот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009 и 99/2009), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за туризам при Универзитетот, на седницата одржана на 16.09.2009 година, донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот наставник;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски